Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
За одржување и проширување на уличното осветлување
во општина Василево за 2022 година

Врз основа на член 22 точка 12 од Статутот на општина Василево, обврска на Советот е да донесе Програма за јавното осветлување. Поконкретни одредби кои се однесуваат на оваа комунална дејност се содржани во Законот за локална самоуправа, Законот за комунални дејности и Законот за комунални такси како и со Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на општина Василево.

Средствата за финансирање на одржување и проширување на уличното осветлување се предвидени во буџетот на општина Василево во програмата Ј3 – јавно осветлување, и од комуналната такса за улично осветлување регулирана со Законот за комунални такси (СЛ. Весник на РМ 92/07) која изнесува 25 kw по броило. Оваа комунална такса се наплака од домакинствата и правните лица заедно со наплатата на потрошената електрична енергија. Овие средства ги прибира ЕВН – КЕЦ – Струмица и истите месечно ги уплака на сметка на општина Василево.

Бројот на иматели на броила од категоријата потрошувач - домаќинства во текот на годината е променлив, бидејќи во текот на годината има ново пријавени домаќинства, а има и домаќинства кои се одјавуваат бидејќи имаат сезонска потреба од електрична енергија за време додека се вратени од странство.

Моментално на територијата на општина Василево има регистрирано 3294 потрошувачи од кои 3103 се активни домаќинства и 191 деловни субјекти.

Во нашата програма ќе ги опфатиме сите 3.294 активни броила.

Во општина Василево мрежата за јавно осветлување се напојува од 29 трафостаници во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување опремени со броила за мерење на потрошената електрична енергија.

Моменталната состојба со улично осветлување е дадена во табела.

Ред.бр.	Населено место	Број на домакинства и правни лица	Вкупен број на нови светилки со проект	Број на постојани ново поставени стари арматури	Вкупен број на светилки	Просечен број на домакинства по бр. на светилки
1.	Василево	700	210	16	226	3,10
2.	Градошорци	511	161	19	180	2,84
3.	Ангелци	249	85	7	92	2,71
4.	Пиперево	388	136	12	148	2,62
5.	Владевци	177	89	21	110	1,61
6.	Сушево	190	90	10	100	1,9
7.	Радичево	163	0	100	100	1,63
8.	Дукатино	111	0	100	100	1,11
9.	Доброшинци	224	69	18	87	2,57
10.	Нова Маала	205	89	14	103	1,99
11.	Чанаклија	145	51	13	64	2,84
12.	Висока Маала	85	20	7	27	3,15
13.	Седларци	81	42	8	50	1,62
14.	Едрениково	55	23	7	30	1,83
15.	Требичино	10	0	18	18	0,55
	ВКУПНО:	**3294**	**1065**	**370**	**1435**	**2,29**
Поставени сијалични места во индустриски зони						
16.	Инуст.зона Карбини 33 столба	12			33	0,36
17.	Инд.Зона кон Струмица 14 столба	7			14	0,5

Од табелата се гледа дека во просек доаѓаат 2.29 домаќинство на едно сијалично место.Најдобра е состојбата во следните населени места Требичино, Дукатино, Едрениково, Седларци, Радичево, Владевци, Сушево, Нова Маала, добра во Ангелци, Пиперево, Чанаклија, Доброшинци и Градошорци а полоша во населено место Василево и Висока Маала.

При поставувањето на новите светилки основен критериум ќе биде бројот на броила (домаќинства) и должина на населеното место, односно густина на населеност.

Во текот на 2021 година се планира да се постават нови арматури во населените места.

Ред.бр.	Населено место	Број на домаќинства	Нови сијалични места	Линии (во метри) кабел
1.	Василево	700	6	300
2.	Градошорци	511	4	200
3.	Ангелци	249	3	150
4.	Пиперево	388	3	150
5.	Владевци	177	2	100
6.	Сушево	190	2	100
7.	Радичево	163	1	300
8.	Дукатино	111	1	50
9.	Доброшинци	224	2	100
10.	Нова Маала	205	2	100
11.	Чанаклија	145	2	100
12.	Висока Маала	85	3	150
13.	Седларци	81	1	50
14.	Едрениково	55	1	50
15.	Требичино	10	0	/
16.	Инуст.зона кон Карбино 33 столба	/	5	250
17.	Инд.Зона кон Струмица 14 столба	/	5	250
18.	Реконструкција на мрежа ЕВН КЕЦ	/	/	/
	ВКУПНО:	3294	43	2400

Со вака извршеното проширување во општина Василево сметаме дека јавно осветлување ќе ги задоволи потребите на граѓаните, бидејќи за 3294 корисници би имало 1478 сијалични места или на секои 2.23 домаќинства доаѓа 1 сијалично место.

Сметаме дека вака поставеното јавно осветлување треба да настојуваме да го одржуваме во исправна состојба.

За реализација на Програмата неопходни се финансиски средства кои се предвидени во буџетот на општина Василево.

Вкупен износ на финансиски средства се 10.300.000 денари од кои:

- 5.000.000 ден. За потрошена електрична енергија;
- 5.000.000 ден. За тековно одржување
- 300.000 денари за набавка на материјали

Реализацијата на Програмата за улично осветлување и нејзината динамика најмногу зависи од процентот на наплата односно од прибирањето на изворните приходи од домакинствата и правните лица.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Василево.

Бр. 08-1840/1
24.12.2022 г.

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делијанов